Машински факултет
Број 02-1433/6
3.12.2020 год.
Скопје

Врз основа на член 114, а во врска со член 37 став 6 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија број 82/2018), член 65 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник број 425/2019) и член 28 од Статутот на Машинскиот факултет во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник број 465/2019), Деканот на Факултетот на 4 декември 2020 година, ја донесе следната

# О Д Л У К А

## за одложување на изборите за членови и претседател на Факултетското студентско собрание на Машинскиот факултет во Скопје Скопје

Член 1

Со оваа одлука се одложуваат изборите за членови и претседател на Факултетското студентско собрание на Машинскиот факултет во Скопје (Во понатамошниот текст: ФСС на МФС) поради недоволен број на пријавени студенти за негово конституирање и се определува нов датум за спроведување на изборите

Член 2

Изборите за членови и претседател на ФСС на МФС ќе се спроведат на **21 декември 2020 година**.

Член 3

Собирите на студенти по студиски програми со цел дополнително пријавување на кандидати за членови и претседател на ФСС на МФС ќе се спроведат во термини кои ќе ги определи Изборната комисија.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на web страната на Факултетот.

Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Машински факултет - Скопје
Декан

Проф. д-р Дарко Данев

Изготвил: Н. Алексиќ